Лена ДАМОВСКА

УДК: 37.013
371.48 Валдорф

# ВАЛДОРФ – ПЕДАГОГИЈАТА НА ПОЧЕТОКОТ ОД 21 ВЕК – ИСКУСТВА И ПЕРСПЕКТИВИ

**Кратка содржина**

*Еден од најзнчајните модели на воспитно-образовна работа од првата половина на 20 век, кој сè уште функционира и е многу популарен во земјите на Западна Европа, е Валдорф-педагогијата. Идејниот творец на Валдорфската педагогија е Рудолф Штајнер (Stejner, R.) кој, со отворањето на првата Валдорфска школа, во 1919 година, пред научната јавност ја претстави сопствената (по многу нешта оригинална) филозофија на воспитанието, преку еден целосно заокружен воспитно-образовен систем, наменет за децата од предучилишно, основно и средно образование. Педагогијата на Штајнер не е само посебен облик на дидактика туку специфичен педагошки начин на живот. Градинаката и училиштето не се само места каде што се стекнуваат одредени знаења и способности туку и простор каде што заеднички се живее и работи во најзначајниот период од животот на секој човек.*

***Клучни зборови:*** *ВАЛДОРФ-ПЕДАГОГИЈА, ВАЛДОРФ-ГРАДИНКА, ВАЛДОРФСКО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ, ВОСПИТАНИЕ И ОБРАЗОВАНИЕ, АНТРОПОЗОФИЈА, ЕВРИТМИЈА.*

## Вовед

Воспитанието, според Штајнер, е поврзано со другите подрачја од општствениот живот. Тоа е длабоко втемелено во општеството. Ако во светот можеме нешто да придвижиме во позитивна насока, тогаш, според мислењето на Штајнер, треба да почнеме со воспитанието и со образованието на младите. Во сликата за човекот која добриот воспитувач, ја носи во себе заедно со сопственото педагошко делување, присутно е почитувањето на детската индивидуалност којашто е слободна, бесмртна и единствена. Во таа слика спаѓа и разбирањето на судбината која му е наменета на човекот и на неговиот живот на овој свет.

Животот на поединецот Штајнер го детерминира од индивидуалните димензии на неговата личност, но и од севкупното општествено и природно опкружување кое, спонтано или намерно, суштински или формално, влијае врз нејзиниот развој. Развојот на секој поединец, според него, треба да се динамизира во најмалку две насоки. Првата се однесува на процесот на општ растеж на личноста во социјална, емоционална, физичка, интелектуална и конативна смисла. Втората се однесува на процесот на продлабочување на тие димензии на личноста. Училиштето, учењето во најшироката смисла и наставникот, како субјективен фактор најнепосредно влијаат особено врз втората насока на развојот кај децата од предучилишната и од раноучилишната возраст. Во овие рамки, Штајнер и ја втемелува теоретската рамка на својот систем.

### Антропозофија и евритмија

Валдорфската педагогија се темели врз антропозофскиот духовен поглед на светот. Таа е единствен и специфичен пристап за воспитување и за образование на децата, кој се спроведува во Валдорфските училишта и градинки ширум светот.

Едно од најзначајните обележја на Валдорф – педагогијата е евритмијата. Во оваа педагогија, на ритамот и на движењето му се посветува големо значење. **Евритмијата** е, всушност, уметност на движење, а нејзиниот облик е изразување на телото, со кое, говорот и уметноста, стануваат живи и видливи, во изведените движења.

Евритмијата е практично школување на волјата, која го поттикнува индивидуалниот уметнички сензибилитет и стекнување свест за просторот. Евритмијата е дел од програмата на сите Валдорфски училишта. Децата многу добро ги прифаќаат едноставните ритми и вежбите кои им помагаат во јакнењето и во урамнотежувањето на сопствените тела и на сопствената животна сила.

Покрај педагошката евритмија, постои и терапевтска, и евритмија како сценска уметност. Со уметничкото обликување на движењата, евритмијата го хармонизира душевно-духовното со физичкото и, притоа, има и терапевтски карактер.

Во своите книги, Рудолф Штајнер го претставува своето учење кое се нарекува **антропозофија**. Тој се обидува, на еден сестран начин, да го направи разбирлив ставот дека, за нас, нормалниот секојдневен свет е втемелен врз духовниот свет.

Основата на целата антропозофската духовна наука е, всушност, повик на внатрешна активност, на оној човечки елемент кој може да биде и понатаму активен, дури и тогаш кога сите сетила ќе замрат, само мислењето продолжува да функционира...

Филозофските и теоретските антропозофски форми претставуваат основа на наставните методи кои се применуваат во Валдорф – училиштата.

## Основните педагошки погледи на Штајнер

Валдорфската педагогија, го разгледува човекот како битие, со тело, со душа и со дух, кое се развива непрестано. Детето, како битие, според Штајнер, до својата зрелост поминува низ разни развојни етапи на свеста. Тој им придава особено значење на првите седумгодишни периоди во кои се одвива воспитанието. Најголемо значење, според него, има првиот седумгодишен период, периодот до поаѓањето на училиште.

Во своите дела, Штајнер зборува за три раѓања (за физичко раѓање, за раѓање на животната сила и за астрално раѓање). Аналогно на овие три раѓања, Валдорфската педагогија, во првиот седумгодишен период, му придава големо значење на примерот и на имитирањето, во вториот седумгодишен период, потребен е авторитет којшто се сака, а третиот период го карактеризира самостојно мислење и конечно ослободување на детето.

Оваа педагогија повикува на воспитување со кое им се помага на децата во нивниот развој и во созревањето, укажува на потребата од создавање услови за детето да ги препознае и да ги развие своите потенцијали, да биде подготвено да ги употреби главата, срцето и рацете во целосно необични животни околности, во непознати ситуации и за нови цели. Поради тоа, често се вели дека Валдорфското училиште е училиште за раце, за срце и за глава.

## Почитување на личноста на детето

Длабокото почитување на личноста на детето е еден од основните постулати во Валдорф педагогијата. Во воспитно образовниот процес, пред се, сè тргнува од детските спобности, можности и интереси. Во процесот на учење, детето треба да ја зајакне волјата и да се обиде, секоја поставена задача, да ја направи што е можно подобро.

Целта на образованието, според оваа педагогија, не е стекнувањето знаења и факти, туку развивање способности кои овозможуваат осмислено и богато обликување на животот.

Во оваа педагогија, особено внимание му се посветува на детскиот темперамент. Во креирањето на воспитно-образовните активности, всопитувачот и наставникот го почитуваат темпераментот на секое дете посебно.

Валдорфската педагогија дава практични одговори, за тоа како да се обликуваат наставните содржини, со кои би се задоволиле детските потреби за правилен развој на секоја детска возраст. Исто така, таа треба да го поттикне развојот на интелектуалните, на социјалните, на етичките, но и на духовно-душевните способности на детето. Истата стратегија се применува и за децата со посебни потреби.

## Воспитно-образовен процес

Суштината на воспитно-образовниот процес е добивање на целосна слика за светот и за човекот во него. Усвојувањето на содржини од одделни наставни предмети е во функција на формирање целосна слика за светот во кој се живее.

Постојат повеќе аспекти и објаснувања за ваквото гледање на Штајнер и на неговиот систем на воспитување. Според него и според неговите следбеници, детето во развој, светот околу себе го гледа и го доживува сеопфатно, севкупно (холистички). Оваа идеја се темели врз современите теории на учењето кои денес се третираат како основа на современото образование и на наставата (учење и поучување). Според него, во раната возраст, детето не може да го селектира светот според областите, подрачјата и содржините кои подоцна, во училишното живеење, се именуваат како наставни предметни, програмски подрачја и сл.

За детето, светот е единствен, конкретен, опиплив, видлив и мерлив. Детето уочува бои, форми, димензии, движења, процеси и феномени кои сознајно го иритираат и ја предизвикуваат неговата љубопитност. Процесот на неговото учење се состои од уочување, именување, разликување, споредување, опишување и сл. Тоа е спонтан процес на прибирање и за обработка на податоците за светот и за себе кој образованието треба и може да го интензивира, да го насочи и да го култивира со содветни техники и методи на водење во поучувањето и во учењето.

Токму затоа, Валдорфската педагогија, од своето основање, ги применува:

- отворениот курикулум;
- ритамот (кој е во центарот на воспитно-образовниот процес);
- кругот, како организациона форма;
- корелацијата на наставните предмети;
- наставата по епохи;
- индивидуалниот пристап во воспитно-образовната работа со секое дете;
- методите и содржините кои се менуваат со возраста на детето и се условени од неговите телесни и духовни потреби и способности.

Главната содржина на кругот[1] се одредува според позначајните годишни прослави. Содржините за одредена прослава најчесто се подготвуваат четири недели. Детското учество во кругот е индивидуално и главно условено од темпераментот и од карактерот. Понекогаш децата во колото се многу активни, понекогаш крајно пасивни и ја следат само својата воспитувачка.

Ритамот, пак, е присутен во текот на целата година, во текот на неделата и во реализирањето на активностите во рамките на еден ден. Пренесувањето на содржините е поделено по епохи. Тематските подрачја кои се проучуваат се сменуваат во епохи, односно во ритам од две, три недели. Поенатата на сето ова, спо-

[1] (Во Валдорф педагогијата, особено во детските градинки, при реализирање на одредени активности, децата седнуваат со круг, добиваат одредени упатства од воспитувачката, а просторната и временската и организација на воспитно образовниот процес го преферира ваквиот начин на работа.

ред Штајнер, е да се учи за живот, а не краткорочно, за оценка и за испитување.

Во Валдорф-педагогијата нема повторување и неуспешни деца и ученици. Напредувањето на децата е индивудуално и тоа е условено од нивните способности.

### Дидактички материјали и играчки

Просторот на градинките и на училиштата, каде што практично се реализира Валдорф-педагогијата се разликува од сите други вакви објекти. Сите простори се обоени и уредени според упатствата на Штајнер. Во детските градинки преовладува бојата на праска која е многу бледо нанесена. Исто така – на еден ѕидот во Валдорф-гардинките задолжително стои сликата на Сикстинската Мадона. Целиот простор каде што се реализира Валдорф-педагогијата дава преглед на одредено годишно време – со сите свои карактеристики и обележја.

Во Валдорф-градинките, не се користат индустриски произведени играчки. Постојат само природни материјали и играчки кои ги изработуваат воспитувачите, строго од природен материјал. Воопшто не се користат конструктивни играчки и готов дидатички материјал. Восокот е единствениот материјал којшто децата го користат за моделирање. Куклите и животните се изработени исто така од природен материал. Просторното уредување во Валдорф-градинките и во училиштата е по многу нешта оригинално и единствено.

Овие институции сè уште успешно ја игнорираат современата образовна технологија и сите современи дидатички материјали и средства.

Исто така, се инсистира, и во домот, во секојдневните активности на детето, заедно со неговите родители, да се почитува философијата на Штајнер.

### Улогата на воспитувачот

Практичната реализација на Валдорф-философијата на воспитание и на образование е невозможна без воспитувачите и наставниците, кои се специјално обучени и подготвени за работа во

овие институции. Нивниот темперамент и карактер соодвествува на основните принципи на кои се заснова оваа педагогија. Личноста и духовноста на воспитувачот и на наставникот се поважни од сите наставни содржини и дидактички упатства кои тие можат да ги добијат.

На почетокот од 21 век, Валдорф-филозофијата на воспитание и на образование и понатаму успешно функционира и станува сè повеќе популарна и прифатена во голем број земји на светот.

(Рецензент: *проф. д-р Снежана Адамческа*)

## КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА


Бели, А. 2003, *Рудолф Штајнер*, Београд: БРИМО

Дамовска, Л. 2001, *Компатибилноста на предучилишното со основното воспитание и образование*, Скопје: КРУГ

Stejner, R. 1987, *Inicijacija; Kako se stiču saznanja viših svetova*, Beograd: Književna zajednica Novog Sada

Štajner, R. 1988, *Most između univerzalne spiritualnost i fizičke konstitucije čoveka*, Zemun: ARION

Štajner, R. 1996, *Pedagoški kurs za mlade; Duhovne delatne snage u saživotu starih i mladih generacija*, Pančevo: SUPRA LIBROS

Штајнер, Р.1996, *Философија слободе*, Панчево: СУПРА ЛИБРОС

Seitz M. & Hallwachs U. 1996, *Montessori ili Waldorf*, Zagreb: EDUCA

Leber, S. (Herasugegeben von) (3 Aufl.) 2001, *Waldorfschule heute; Einführung in die Lebensformen einer Pädagogik*, Stuttgart: Verlag Freies Geistesleben

von Heydebrand, C. (Bearbeitet von) (8. Aufl.)1986, *Vom Lehrplan der Freien Waldorfschule*, Stuttgart: Verlag Freies Geistesleben

http://www.rudolfsteiner.de

http://www.rudolf-steiner.de

http://www.steinerwaldorf.org

http://www.openwaldorf.com

http://www.waldorfschule.info

http://www.waldorfcritics.org

http://www.waldorf-cro.com

http://www.waldorf-z g.hr

http://www.antroposophy.com

http://www.awsna.org

Lena DAMOVSKA

## WALDORF PEDAGOOGY AT THE BEGININA OF THE 21ST CENTURY - EXPERIENCES AND PERSPECTIVE

### Abstract

*One of the most important educational models from the first half of the 20th century is the Waldorf pedagogy, which is still being practised today and is very popular in the countries of Western Europe. By opening the first Waldorf School in 1919, Rudolph Steiner who is the ideological creator of the Waldorf pedagogy presented his own philosophy of education (which is thought to be original by many of its characteristics) before the scholars. This was done by presenting a complete educational system designed for preschool, elementary school and high school children. Steiner's pedagogy is not only a separate form of didatics, but also a particular pedagogical way of life. Day-care centers and schools are not only places where certain knowledge and abilities are acquired, but they are also places where children live and interact in the most crucial period of their lives.*

***Keywords:*** *WALDORF PEDAGOGY, WALDORF DAY-CARE CENTERS, WALDORF ELEMENTARY SCHOOL, EDUCATION, ANTHROPOSOPHY, EURYTHMIA.*